Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

Архивски број :3459/5
Дата: 25.11.2020 год.

Директор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, врз основа на член член 188 став 6, член, 212 став 17, од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19), и член 24 став 1 точка 7 од Статут на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово бр.04-2156 од 21.06.2019 год. Директорот на ден 25.11.2020 год. донесе:

## ОДЛУКА

За избор на кандидати врз основа на јавен оглас за вработување бр. (01/2020)

Ана Баневска Стефановска се избира за вработување на работно место **Дипломиран психолог во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост и дневен центар за стари и возрасни лица и**

Дафина Деневска се избира за вработување на работно место дипломиран социјален работник **во Служба за услуги од социјална заштита, Оддел за заштита на деца, возрасни и стари лица и други услуги согласно закон** при ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.
Именуваните ќе засноваат работен однос по конечноста на ова одлука.

## Образложение

По добиено согласност од Министерство за финансии за обезбедување на финансиски средства заведена со наш број 0401-3429 од 03.11.2020 година, и бр. 18-6472/2 од 30.10.2020 год. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објави оглас со **бр.01/2020**, во дневниот печат Слободен печат и Лајм за прием на два (2) извршители на неопределено време и тоа : **еден извршител** дипломиран **психолог и еден извршител** дипломиран социјален работник .
Комисијата формирана за селекција на кандидати за вработување направи административна селекција и интервју со кандитатите кои ги исполнуваат условите наведени во огласот и ранг листа со првортангираните кандидати ја достави до директор.
Кандидатите кои за прв пат се вработуваат во јавна установа за социјална заштита како даватели на јавни услуги задолжително извршуваат пробна работа.
По завршување на пробната работа, избраните кандидати е потребно да се стекнаат со лиценца за работа во установа за социјална заштита.
Одлуката за избор или неизбор на кандидатите се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.
По конечноста на Одлуката избраните кандидати со Директорот на ЈУ МЦСР – Куманово, склучува Договор за работа.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk

Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КУМАНОВО -

**Врз основа на** основа на член член 188 став 6, 211 став 3 и став 4, член 212 став 17 и став 18 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19), и член 24 став 1 точка 7 од Статут на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Куманово бр.04-2156 од 21.06.2019 год. Директорот донесе горенаведената одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова одлука може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапките од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката за избор.

ЈУ Меѓуопштински центар
за социјална работа - Куманово

Директор
Александра Арсовска


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
e-mail: jumcsrkumanovo@mtsp.gov.mk